**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на Седумдесет и осмата седница**
**на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 29 јуни 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12, 25 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господин Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во салата имаме 63 пратеници и можеме да продолжиме со работа.

Констатирам дека присуствуваат повеќе од половина пратеници и можеме да продолжиме со работење.

Констатирав дека Собранието не го усвои Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за регистрирање на готовински плаќања.

Во меѓувреме се случи не видов кога се јавил господинот Стојановски кој бараше односно се сомневаше во гласањето и бараше поединечно, па дали останува на тоа мислење односно став.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, останувам при мојот предлог поединечно да се изјасниме, бидејќи се сомневам во исходот на гласањето. Затоа сакам да кажам дали ме поддржуваат 10 пратеници за да се провери гласањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали има десет пратеници? (Има).

Ве молам, изведете поединечно гласање.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ - ЧУКАЛИЕВА:**

Јонуз Абдулаи- воздржан
Абдурахман Алити-отсутен
Абдула Алиу- отсутен
Милојко Ангеловски- отсутен
Стојан Андов- за
Кирил Андоновски- за
Љупчо Анушев- отсутен
Амди Бајрам- отсутен
Демуш Бајрами- воздржан
Фадил Бајрами- отсутен
Димитар Баткоски- воздржан
Мерсел Биљали- против
Валентина Божиновска- отсутна
Јордан Бошков-за
Димитар Бузлевски- против
Абдулади Вејсели- отсутен
Слободан Гарчески-за
Васил Гаџовски- отсутен
Михајло Георгиевски-за
Трајко Гешоски-за
Александар Гештаковски-против
Данило Глигороски-отсутен
Петар Гошев-против
Слободан Даневски-отсутен
Замир Дика-за
Ванчо Ѓоргиев-отсутен
Илија Ѓорѓиев-против
Фатмир Етеми-отсутен
Васил Ефтимов-за
Насер Зибери-отсутен
Љубисав Иванов - Ѕинго-отсутен
Мирко Иванов-отсутен
Илија Илоски-против
Делче Ицков-отсутен
Никола Јованов-воздржан
Весна Јовановска-за
Марика Јорданова-за
Назми Кадриу-отсутен
Радомир Карангелески-отсутен
Жарко Караџоски-за
Митко Киров-за
Лазар Китаноски-отсутен
Саво Климовски-отсутен
Стојан Ковачески- против
Ѓорѓи Котевски- за
Чедомир Краљевски-отсутен
Илија Лазаров -за
Горанчо Лазов- за
Билал Љутфии-за
Васе Манчев- отсутен
Наталија Марковиќ Димова- отсутна
Ѓулистана Марковска- отсутна
Диспина Марковска- за
Звонко Мирчески- против
Драган Митевски- отсутен
Кирил Настески- против
Рубенс Наумовски- за
Горан Невеновски- отсутен
Латиф Пајкоски- отсутен
Александар Пандов- отсутен
Ванчо Панчев- за
Илија Пемов- за
Тито Петковски- против
Чедо Петров- отсутен
Томислав Петровски- отсутен
Филип Петровски- отсутен
Азис Положани- отсутен
Стојан Попов- отсутен

Љубомир Поповски- против
Никола Поповски- против
Илија Прангоски- за
Исмет Рамадани- отсутен
Љупче Ристески- за
Ненад Ристовски- против
Аце Сајкоски- за
Аслан Селмани-против
Борче Сибиновски- отсутен
Вангел Симев- отсутен
Ристо Спанаков- отсутен
Крале Спанчевски-за
Ѓорѓи Спасов- отсутен
Милан Ставрев-за
Наќе Стојановски -против
Томислав Стојановски -за
Воислав Стојаноски- отсутен
Благој Стојковски -против
Златко Стојменов- отсутен
Владо Сугаревски -за
Оломан Сулејмани- воздржан
Ризван Сулејмани- отсутен
Мухамед Таири -против
Александар Талевски-за
Мевљан Тахири- отсутен
Митко Тилевски- воздржан
Ѓорѓи Тодоров- отсутен
Ристо Тодоров -против
Павле Тодоровски- отсутен
Панде Томов -за
Коце Трајаноски -за
Горанчо Трајков -за
Танас Трајковски- отсутен
Александар Трпевски -за
Борислав Трповски- отсутен
Слободан Ќосев -за
Таки Фити -против
Александар Флоровски- отсутен
Илјаз Халими -против
Благој Ханџиски -против
Сејфедин Харуни -против
Кастриот Хаџиреџа- отсутен
Бранко Црвенковски- отсутен
Миланчо Черкезов- отсутен
Ванчо Чифлиганец -против
Арбен Џафери- отсутен
Алија Шахиќ- отсутен
Радмила Шеќеринска- отсутна

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 62 пратеници од кои 33 пратеници гласале за, 23 пратеници гласале против и 6 пратеници гласале воздржано.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Според тоа, сега не можеме да продолжиме по тој закон

Преминуваме на десеттата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за спречување на перење на пари, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлгот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Со оглед на тоа што предлогот за донесување е усвоен од порано на 23 јуни 1999 година, за збор се јави г. Гештаковски, но ако може да,му дадеме збор на г. Груевски, министер за финансии. Тој ќе ја симне дилемата.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Токму тоа сакав и јас да го кажам г. претседателе дека имаме направено мал превид, се работи за Предлог закон за спречување на перење на пари, а не за Предлог за донесување на закон, така што молам извинување и корекција во тој правец. Можеби интервенцијата на господинот Гештаковски беше во тој правец.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи расправата по првата фаза по Предлогот на закон не е потребна.

Повелете господине Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, точно е така на дваесет и првата седница на овој Парламент од 17 јуни до 22 јули 1999 година овој Парламент врз основа на целосна комисиска расправа го разгледуваше Предлогот за донесување на закон за перење на пари. Ние направивме еден деловнички пропуст кој сега се исправи од страна на Владата, но сметам дека не се создадени услови за расправање по Предлогот на закон.

Јас укажав, Собранието донесе заклучок, Владата на Република Македонија го усвоила Предлогот за донесување на закон под еден,

Под два, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има во предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на седница на Собранието на Република Македонија.

Во овој Предлог на закон, бидејќи постапката предлагачот ја даде како Предлог за донесување пак ја утврдува потребата, нема ни еден коментар во однос на забелешките

што нема логика да се расправа по Предлогот на закон на оваа седница. Предлагачот е должен, бидејќи се работи за сложен и битен закон и барем матичните работни тела да расправаат.

Понатаму, не ја сфаќам логиката на вакво предлагање на Закон за перење на пари кој веќе две години седеше во Владата, не е искоментиран, не е расправан, а неговото дејство и сега се предлага да биде во 2002 година. Знаете, сега ќе расправаме без извештаи, без работни тела, а неговото влегување во сила односно влегуваат осмиот ден од донесувањето, а ќе се применува по една година.

Не знам која е логиката, не можам да ја сфатам и мислам дека нема услови заради тоа да гласаме. Треба да расчистиме, бидејќи во расправата учествувале десет пратеници, на Комисијата за финансирање исто така учествувале десет пратеници во расправата, па ако Владата смета, нема логика, би расправале, но во текот на расправата јас сакам да најавам, вие веќе добивте амандмани со логика веднаш да влезе во сила, да се применува, односно бидејќи е само еден услов за применување, тоа е Дирекцијата за перење на пари која е во состав на Министерството, но ќе се искажеме доколку одиме во расправата. Таа Дирекција не е самостојна, таа е во Министерството и во овој дел нема логика. Во тој дел има уште еден амандман кој дава ретроактивно дејство да се применува од конституирањето на овој Парламент во делот на примената на овој закон што значи од 1991 година. Ако предлагачот на Владата остане да се применува овој закон по една година, тогаш нема логика со ваква расправа да го донесуваме и да расправаме.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, перењето на пари во Кривичниот закон на Република Македонија е предвидено како посебно кривично дело член 273 од Кривичниот закон, меѓутоа, тоа ни оддалеку не е доволно за ефикасно сузбивање на перењето пари како посебен облик на организиран криминал во меѓународни размери.

Конфликноста на овој облик на организиран криминал налага и преземање на комплексен систем на мерки со взаемна соработка на сите субјекти преку кои може да се врши перење на пари. Ова е затоа што спречувањето на перењето на пари не може да се обезбеди само со норми на инкриминирање и зајакнување на казнените норми.

Основен проблем во борбата против овој облик на организирање на криминалот претставува општата глобализација и отворање на финансиските системи, пазарите и комуникациите во меѓународни рамки поради што и Меѓународната заедница пристапи кон поставување на контролни и регулаторни механизми и забрани кои ќе ја стеснат можноста за брз трансфер на нечисти пари.

Меѓународната заедница во таа смисла донесе повеќе меѓународни документи за спречување на перењето пари, Виенската конвенција од 1988 година, Базелската декларација за превенција на злоупотреба на банкарскиот систем за целите на перење пари, Стразбуршката конвенција, 40-те препораки за мерките кои треба секоја земја да ги преземе со цел успешно спроведување на перењето пари, на групата ФАТАС, како и директивата за забрана на користење на финансискиот систем за целите на перењето пари.

Република Македонија со ратификувањето на Виенската конвенција во октомври 1993 година, Стразбуршката конвенција во септември 1999 година и потпишувањето на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминалитет во декември 2000 година во Палермо со дополнителните протоколи влезе во земјите кои ја прифаќаат борбата против перењето пари, а со тоа и обврските кои произлегуваат од тие меѓународни документи.

Република Македонија е единствената од државите од Југоисточна Европа кои се опфатени со Пактот за стабилност кој сеуште нема донесено закон за спречување на перење на пари и нема воспоставен соодветен режим за спречување на перење на пари, во согласност со потпишани и ратификувани договори поради што се пристапи кон донесување на овој закон.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ**: (Продолжение)

Овој закон е правен основ за преземање превентивни мерки и дејствија за спротивставување на перењето пари и на навлегувањето на испраните пари во легалниост финансиски систем.

Со овој закон треба да се овозможи превземање на мерки и дејствија за откривање и спречување на перење на пари и санкционирање на било каква злоупотреба заради остварување на лични цели, која може да се постигне со взаемна соработка на сите субјекти и посебно оснивана агенција за спречување на перење на пари.

Покрај тоа, донесувањето на овој закон е условено и од Светската банка и од Меѓународниот монетарен фонд како закон во кој се имплементирани меѓународните договори односно со кои се усогласува нашето национално законодавство.

Би сакал да напоменам дека во подготовката на законот учествуваа огромна група на експерти, што домашни, што странски, законот подоцна беше испратен на верификација

во меѓународните финансиски институции од каде што добивме писмо со сосема ситни забелешки, кои што забелешки ги вградивме во законот и може да се каже дека од Светската банка тоа е еден вид на меѓународна верификација.

Како што споменав, со законот се основа агенција. Инаку, во коментарите во смисла дека законот стапува на сила на 1 март следната година на прв поглед се разумни но кога ќе погледнеме дека во меѓувреме треба да се основа агенција, треба да се собере кадар да се екипира, да се обучи тој кадар за таа работа ќе се свати ако сакаме сериозно да ја започнеме работата навистина овој период од 7-8 месеци е дури и прекраток. Тоа ми го сугерираа и експертите кои што рекоа "премногу амбициозно влегувате во овој проект ако верувате дека за седум до осум месеци целата работа квалитетно ќе ја завршите".

Меѓутоа, сепак ние ќе се обидеме во тој правец и ценам дека овој седум-осум месечен период ќе биде доволен со поголеми напори да се заврши оваа работа и да се има една солидна агенција која што ќе ја врши оваа работа.

Инаку, според законот за сите трансакции над 10.000 евра се исплаќаат информации до Агенцијата за спречување на переше на пари, која што ги собира, ги следи информациите и доколку утврди дека постојат сомнителни испраќања ги доставува до Министерството за внатрешни работи кое што понатаму ги врши другите дејствија. Толку накратко би имал за законот, па очекувам голема расправа и подготвен сум да одговорам на прашањата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, со жалење морам да констатирам дека воведниот збор на министерот беше врз основа на предлог за донесување на закон по потребата.

Господине министре, ваквиот говор го држеше и господинот министер Борис Стојменов пред овој Парламент. Парламентот ја утврди потребата. Не е спорно дека Парламентот на Република Македонија има одреден сомнеж дека има потреба од донесување на закон за перење на пари, особено кај пратеничката група на СДСМ. Нема никакви дилеми, таа потреба од овој Парламент е утврдена. Дури има и критика на Владата, не треба да објаснуваме зошто, зошто за две години не е предложен во овој Парламент. Зошто со овој закон го нема целиот пакет на закони - Законот за корупција. Тоа беше еден пакет кој на овој Парламент беше презентиран. Парламентарците и јас лично немаме сознанија од ваша страна зошто не се прифатени забелешките истакнати од видни пратеници, познавачи на оваа проблематика за да можеме понатаму да расправаме и да даваме амандмани, да го надградуваме ова. ВО тој дел мислам дека тоа требаше на овој Парламент, бидејќи овој Парламент усвои трет заклучок, не е важно дали овој претседател или друг, важно функцијата претседател ја вршеше, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието да се доставаат до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии. Тој дел ако можете да не убедите да го прифатиме, инаку сакам да укажам не држи формирање на агенција, дирекција која нема никакво оправдување, кое во состав на Владата дека дирекцијата и треба година дена за да се конституира во дел на управување и раководење. Тоа е орган во состав на Владата и ние имаме дадено амандман одделот во Министерството за финансии ќе го врши тој дел. Затоа сметам дека можеме да расправаме доколку вие останувате на тој дел бидејќи прате-ниците беа заведени дека се работи за предлог за донесување на закон. Доколку сметате на тој дел да му укажете, во ред, за забелешките, нашите мислења, бидејќи на самиот почеток е направена од страна на Владата, а сега да го прашам и тоа дали Владата толку се грижеше, па што направи толкава "утка" што не знаеше дека се расправало на Парламент. Не е само насловот - Предлог за донесување со Предлог на закон, немаме коментари. За секој закон нормално е, немаме ние закон во овој Парламент кога се работи за предлог да не се коментира за забелешките. Тоа е врз основа на деловникот, не се исполнети ни нормите и ние имаме согласно деловникот Предлог за донесување со битни елементи, која е потребата, причините и основите, имаме предлог на закон врз основа на забелешките и отстапувањата во тој дел и зошто е отстапено. Особено, штс е прифатено, што не е прифатено и од кои причини не е прифатено за да можеме да водиме расправа. Тоа е ако може придонес да дадам во делот на Владата а се сомневам, незнам како е направен овој пропус,прв пат со Парламентот да се направи еден ваков пропуст.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Разбирливо, се измешаа влади, повеќе влади оттогаш и можно е да дојде до ваков пропуст.

Од процедурален аспект ние не можеме да расправаме за тоа дали да водиме претрес по Предлогот за донесување на закон и затоа не отворам претрес по Предлог за донесување на закон, бидејќи таа потреба е утврдена од Собранието и неможеме ние сега да ја ревидираме. Затоа сега веќе нема зошто да донесуваме заклучок, да одлучуваме дали ќе го гледаме предлогот на закон, бидејќи го уврстивме во дневниот ред. Ние сега сите забелешки што ги кажува господинот Гештаковски, се забелешки кои можат да се искажат откако ќе отворам општ претрес. Тогаш може да се види и да се покаже дали во текстот на законот, или во образложението се внесени забелешките, како што заклучило Собра-нието, дали има одговор

зошто не се внесени и дали тоа што е содржано во текстот и во образложението го прави законот поголем за усвојување или за одбивање. Тоа треба да се направи во расправата.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе не сте во право. Вие можете да ја продолжите расправата, но ова вие што го кажувате требаше да биде во предлогот за донесување со предлог на закон. Неможе парламентарците сега да го расправаат. Тоа е основа во деловникот дека треба да се почитува, затоа ги носите вие тие заклучоци. Малку работата вие ја поместувате. Можеме да водиме расправа по тој дел, но мора да признаете дека работата е померена. Коментарите се за предлог за потреба, коментарите не се за предлог на закон. Тоа го нема во образложението. Предлагачот, Владата не коментира тоа што било забелешки, или не било забелешки, што е должно согласно деловникот. Тука е пореметувањето.Можеме да расправаме ако вие сметате, но сакам на тоа да ви укажам дека согласно Деловникот ако вие сметате така не покренувам деловничка процедура, но ова е преседан во расправа во Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е преседан штом не покренувате. Ако покренувате ќе треба да се изјасниме, бидејќи не покренувате, тогаш ние продолжуваме.

Отворам општ....

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Кој се грижи за деловникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас го применувам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, сакам да ве прашам директно процедурално или деловнички, како тоа ќе го наречете - дали вие сте должен да се грижите за спроведување на деловникот,или сте должен да се грижите само ако некој пратеник побара, или сте долчни и по служ-бена должност се грижите за спроведување на деловникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа се знае. Се грижам општо за спроведување на деловникот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Значи, вие не покренувате постапка за деловничка интервенција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, еве и никој друг не покренува.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Еве јас покренувам како пратеник да ми објасните зошто се криши деловникот во овој случај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се крши.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Вие сметате дека можеме да продолжиме да расправаме согласно деловникот без да биде тој нарушен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Така мислам, тоа е мој став.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Тогаш е ваша одговорност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, јас така сметам.

Јас сметам дека потребата за донесување е утврдена од ова Собрание и дека со утврдувашето на дневниот ред ние сме се фактички одлучиле штом е утврдена потребата. Направен е пропус од Владата што фактички тргнала со тоа уште еднаш да се утврди потребата.

Меѓутоа, направен е тој пропуст, сега натаму за сите забелешки за да се дојде до тоа, да видиме дали постапила она по заклучокот на Собранието или не постапила можеме само ако расрпаваме по текстот. Инаку, невозможно е да знаеме дали Владата постапила по заклучокот на Собранието. Значи, и деловникот не упатува да отвориме претрес по предлогот на законот за да видиме дали Владата постапила по заклучокот на Собранието. Инаку нема начин како да утврдиме.

Тоа е моето размислување и на тој начин сакам да го применам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, јас го уважувам вашиот аргумент, меѓутоа тој се заснива на фактот дека Собранието го утврди дневниот ред и мора да продолжиме. Јас ве предупредувам во име на мојата пра-теничка група односно ви укажував дека Парламентот кога гласаше за дневниот ред беше доведен во заблуда од страна на Владата и гласаше за дневен ред без да ги согледа аргуемнтите. Ние вчера бевме во заблуда кога гласавме дека носиме на дневен ред закон, предлог за донесување со Предлог на закон. Откако ја консултиравме нашата документација утврдивме дека таа фаза е помината и дека сме утврдиле погрешен дневен ред, што значи дека Парламентот од страна на Владата бил дове-ден во заблуда. Таа грешка треба да се исправи. Треба да се исправи прво на начин, како што министерот постапи го повлече оној дел од законот кој веќе е изгласан во ова Собрание и вториот дел треба да ја исправи грешката со тоа што од тој донесен предлог за донесување на закон ќе ни ги соопшти резултатите од расправата како ги имплементирал во образложението на законот. Тоа не го прави. Вие тоа не сакате да го покренете, и ние тука се повлекуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не. Ве молам, ако го повлече он по деловникот само он има право да го повлече. Ако го повлече законот нормално е дека законот нема да го расправаме натаму. Ако не го повлече

законот ние немаме друг начин да утврдихме дали се постапило по заклучоците на Собранието освен да расправаме по предлогот на законот во општиот претрес.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Очигледно немаме доволно желба да се разбереме и работите можат да продолжат, меѓутоа имам впечаток дека ова Собрание почна премногу често да го смета деловникот на Собранието како растеглив инструмент кој може да служи само доколку имаме потреба од тоа. А доколку немаме потреба можеме и да го заобиколиме.

Еве, јас отворено сакам да прашам во врска со спроведувањето на деловникот и во врска со вчерашното утврдување на дневниот ред господинот министер да ни соопшти дали вчера не доведе во заблуда или не. Да ни соопшти дека предлог законите за чек и за меница ќе ни ги достави и дека тие на Влада се усвоени.Јас барам одговор дали на Влада се усвоени или не. Ако не биле усвоени ниту на Влада, тоа е веќе сосема нова димензија околу утврдување на дневен ред, исто и за овој закон. Сакав да укажам дека ние деловникот почнавме многу лесно да го толкуваме. Еве јас официјално прашувам во врска со тој дневен ред дали законите за чек и меница на Влада поминаа?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Поповски, овде ние вчера имавме овластен претставник на Влада и тој заради тоа што е итна седницата и по итна постапка предлага да се донесат законите ние ги уврстивме во дневен ред со образложение дека се донесени и предложени ни се истите.

Никој мене не ми дал право тогаш, во тој момент да се сомневам во исказот на овластениот претставник на Владата. И таму деловникот не е еластично толкуван. Сосема си е како што требало да биде.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас сакам да прашам дали имаме право да имаме информација кога одлучуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа сигурно, тоа ќе ви го каже министрерот. Ќе дојдат на дневен ред тие точки, ќе видиме, ако Владата ги утврдила, ако дотогаш не ни се испратени, ќе се знае дека сме биле дезинформирани. Сега е ова прашање и јас не гледам како ако Владата не го повлекува законот како можеме ние да утврдиме дали постапила по заклучоците.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ние не бараме Владата да го повлече законот. Ние бараме Владата да ни достави извештај што од расправата во комисиите и во Парламентот прифатила, а што не и што утврдила за да можеме во оваа фаза да расрпаваме. Меѓутоа, имам впечаток дека Владата тој документ или тој осврт не ни го доставува, а за тоа сме ја обврзале со собраниски заклучок дека е должна да ни достави извештај за нашите забелешки. Во спротивно сите расправи по предлог за донесување на закон се и релевантни ако Владата не ни доставува повратно што од тоа прифаќа и што отфрла и зошто отфрла. Мора да има некаква логика во целата работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира господине Поповски, меѓутоа Владата може тоа да го напише и да се приклучи во образложението, или да го примени во текстот или да го примени во текстот, а може тоа и да го напише и да се приклучи во образложението или да го примени во текстот, а може и министерот овде во излагањето да се осврне на сите забелешки и односот на Владата кон забелешките. Тоа е можно исто така. Тоа може министерот да го направи ако отвориме претрес,а не го направила Владата во текстот на законот и во образложението каде што би било објаснето. Тоа се согласувам, Владата тоа не го направила, но Владата коже да го направи преку својот овластен претставник овде сега се отвори претрес. Пред тоа неможе. Затоа ви велам ние не можеме да утврдиме како постапила Владата по предлогот кога ни го доставила на дневен ред овде ако не отвориме општ претрес во оваа ситуација а Владата не го повлекува предлогот. Ако го повлече предлогот тоа е сосема нормално. Го повлекува, ќе ни даде извештаи и за идната седница ќе го разгледаме или нека ни каже да не расправаме сега за овој закон, туку за два дена да расправаме а дотогаш да даде писмен извештај....

(Реагирање на пратениците од Пратеничката група на СДСМ).

Тоа може, ама тоа е негово право, не е мое.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, многу се мачите да објасните нешто што и вие го знаете дека не е така и правите многу фискултура во тој дел. Вие сте должни ова што го кажувате да го барате, а пратениците се должни тоа да го спроведат. Немојте во овој Парламент да спроведувате нешто што вие добро го знаете. Еден ваков закон вие сте дол-жни тоа што вие сакате да го објасните, дали се прифатени забелешките или не, дали Министерството и зошто не ги прифатило овој Парламент има деловник според кој се расправа по работни тела, има матични комисии, има Законодавно-правна комисија. Вие амблок во принцип го кршите деловникот на вакви закони во кои не сте должни. Немојте, вие целосен деловник кршите, да не зборувам за главата - Предлог на закон член 323 до член 328, вие сте должни да го почитувате и вие треба да го кажете тоа а не да оправдувате Владата сака да даде....Има елементи што трба да содржи секој предлог на закон и тие елементи треба вие да ги укажувате, а ние на работните тела. Прво, деловникот го кршите. За овој закон се потребни финансиски средства. Овој закон неможете да го

ставите на дневен ред додека не расправа Комисијата за финансии. Ви кажувам каде го кршите деловникот. Вие по принцип на цел еден дел, ова не е делот на хитноста, вие не утврдувате итност, го крииште деловникот во сите овие заседанија на Парламентот. Не би сакале да навлегуваме, особено со вашите маки нешто да објаснувате што нас ни е многу јасно, а јас го знам добро и вие го знаете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Гештаковски јас ја терам работата овде како што сум должен да ја терам. Јас неможам да имам посебно истражувачко биро и да приметам порано дали Владата нешто лаже, дали е така, дали не е така. Во образложението под 3 вели дека за примената на овој закон не се потребни посебни финансиски средства. Јас сега треба да кажам Владата лаже и да не ви допуштам за тоа да расправате. Владата за тоа што го напишала и потпишала си носи одговорност. Јас немам начин однапред да и кажам на Владата дека не постапува по Деловникот. Не е така таа работа, така да јас се согласувам, веројатно политички опортуно е да се обезбеди расправа врз основа и на извештајот кој посебно писмено би дошол врз основа на заклучокот од Собранието. Но право е на Владата да може и овде да даде одговор. А ако не даде одговор, исто така право е на пратениците да го одбијат законот, да не го донесат законот.

Има збор господинот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседателе, би сакал да сугерирам нешто, тука е и министерот за финансии, бидејќи се работи навистина за чуствително прашање кое има многу силни импликации врз вкупниот живот во државата, корупцијата како никогаш досега, а кој по скратена постапка немаме причина да расправаме и да се изнасилуваме за работа која што треба многу темелно да се проучи. Ова е само еден сегмент од вкупниот проблем на антикорупциското законодавство и јас сакам да предложам, ако министерот е во состојба да се произнесе, бидејќи е комплементарно, идејата е на иста седница да расправаме за овој закон и за Законот за антикорупциско однесување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Тој е исто така подготвен закон од Владата, во фаза е на предлог закон и не би губеле ништо со тоа. Напротив, многу 6и добиле ако на иста седница , на една наредна седница на Собранието и овој закон за перење на пари и законот антикорупциски да ги ставиме на иста седница, тематски,проблемски да ги претресеме многу одговорно и ова Собрание конечно да ги донесе. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има и друга можност. Има можност сега да не расправаме , бидејки седницата ќе потрае за Законот да се расправа откако ќе мине и низ работните тела. Тоа е можно да е направи. Јас му предлагам на министерот така и да постапиме. Значи, некаде во вторник или во среда би расправале. Еве зошто е потребно тоа. Потребно е од фактот што една пратеничка група која значајно учествува во Владата искажува сомневање во можноста во постапката да се дојде до најдобар текст на законот во вака важен закон . однапред се создаваат политички сомневања зошто тоа се брза. Дајте да ги отстраниме. Ако се за два до три дена тоа можеме да го отстраниме. Јас предлагам така да постапиме.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, овој закон се брза затоа што е важен за втората транша на средствата од аранжманот. Значи дел од матрицата е. Така што не 6и можел да се согласам да го чекаме и тој антикорупциски закон, од таа причина.

Втор момент е што на листата имаме ептен итни закони , кога велам ептен итни, многу е важно и ако е овој важен да помине во наредните неколку дена, овие се важни да поминат денес. Тоа се груата на закони од областа на платниот промет, од точка 14, па до тока 28. Ако тука имаме кочници, да го прескокнеме сега, понедлник да расправаме за законот за перење пари, а овие ми се битни ако може денеска, бидејки влегуваме во нов платен систем и се надевам дека пратениците од Пратеничката група на СДСМ нема тука да наоѓаат некои забелешки, кои што нивните министри во Владата ги прифатиле и да ги критикуваат нивните министри во Владата, иако имаат право на тоа и треба да го прават тоа кога има неправилности. Но, сепак, сакам да потенцирам дека овие предлози на закони се прифатени од министрите на Владата на ВМРО-ДПМНЕ, на СДСМ, ПДП, на ДПА, Либералната партија и останатите партии кои членуваат во Владата. Да потсетам на тоа, бидејки некако стекнувам впечаток како да имаме позиција и опозиција во Парламентот, мислејки на СДСМ. Овие закони што се предлагаат се предлог на министрите од СДСМ, од ВМРО-ДПМНЕ и од другите партии што ги набројав. Ако им требаат два дена да го проучат повеќе законот и т.н. и она што го спомна г-динот Тито Петковски нема проблем , меѓутоа денеска е екстремно важно од точка 14 до точка 28 да поминат. Исто така и последните одлуките од точка 36 до точка 39.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи се договоривме. Не станува збор сега за некои вакви или такви процедурални работи, туку да најдеме најдобар приод како еден важен закон да има поширока подршка и пошироко разбирање за него.Еве, му благодариме на министерот, се договараме и ќе минеме на точката 14.

До расправата да заседаваат надлежните комисии, за да можат да поднесат извештај овде на Собранието кога ќе разговараме, за да можеме да имаме извештај и на надлежните комисии.

Дали тоа сега се прифаќа?

За збор се јави г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**:

Г-дине претседателе, прво, дозволете да Ве корегирам малку. Рековте дека пратеничката група на СДСМ која учествува во Владата по повод вооj закон прави политички проблем и дека тоа не е добро, ние само правиме процедурална и деловничка забелешка, а не правиме политичка забелешка. Тоа е сосема различно. Инсистирањето на Деловникот и на процедурата не се политички проблеми, туку се проблеми на процедурата. И, не сакам тоа така да се свати.

Ова што министерот Груевски го научил во својата кратка историја во овој Парламент дека кога Владата од неговата партија ќе предложи нешто, пратениците немаат право да размислуваат, нека си го задржи за пратеничката група и членовите на Владата од ВМРО-ДПМНЕ. Ние овде сме во функција на пратеници чии предлози на Владата треба да се разгледуваат. Ако некој сака да држи лекции на 25 пратеници, јас се извинувам на остриот тон, меѓутоа гледам Вие не реагирате, морам јас да реагирам, ако некој мисли да држи лекции на 25 пратеници како тие треба да се однесуваат кон предлозите на Владата, прво, треба да го проучи Уставот, каде што Собранието не е должно да ги аминува, туку е должно да ги разгледува предлозите од Владата. Ако нашите министри во Владата направиле превид на предлог на г-динот Груевски, тоа е проблем на предлагачот Груевски во Владата, а наша уставна должност е тоа да го контролираме и да го исправаме. Ако некој мисли дека со вакви говори ќе не упати на фактот дека ние ќе минуваме се што се сака да се направи, тогаш многу згрешил.

Второ, по повод дискусијата и второ по повод некои деловнички одредби. Ако ие дозволите во овој Парламент некој министер да држи лекции на пратенички групи кој го избрале како да се однесуваат, тогаш да знаете дека од сега реакциите ќе бидат многу жестоки токму на тие министри. Затоа што тие министри не се безгрешни, за да можат вака грешно да се однесуваат кон пратеничката група на СДСМ. Ние, исто така, имаме инструменти деловнички, уставни во врска со поднесвување на некои документи во Собранието да расраваме за нивните проблеми. Меѓутоа, тие немаат основ за нас да расправаат во овој Парламент. Ако сака г-динот Груевски кај него на МТВ може да си оди да си расправа за политичкото однесување на групите и на политички митинзи на неговата партија. Во Парламентот да дозволиме ние да ни држи лекции некој што не почитува Деловник и Устав и мисли дека ние треба да го следиме неговото нелогично однесувањ.е во Парламентот, јас да Ви кажам, ако овој пат премолчиме, имам впечаток дека г-динот Груевски од ден во ден ќе си зема за слобода да почне да ни кажува што ние да мислиме. И, Вас Ви давам забелешка да го прекорите г-динот министер дека неговото однесување во Парламентот е еднонасочно, а тоа значи дека ние имаме во овој Парламент кон него имаме контролна и изборна функција и расправаме по неговите предлози, а од него бараме образложенија. Во овој Парламент ние не сме во позиција, неговите политички размислувања за пратеничките групи да ги сослушуваме. Затоа, ќе Ве молам да се воведе елементарен ред во овој Парламент.

Г-динот Груевски не доведува во 4 точки од дневниот ред во заблуда со поднесување на неточни точки на дневниот ред.

Прво, ни дава Предлог за донесување на закон . Не проверил во инистерството дека Предлогот за донесување на закон е поминат и изготвува сосема нов закон. Сега, се чуди од каде е тоа. Ни доставува предлози на точки на дневен ред кои не ги утврдила Вадата. Тој аннтиципира дека Владата можеби ќе ги утврди на некоја наредна седница. И, ние во Парламентот треба да бидеме покритие на однесвувањето на министер кој пишува писма до Параментот пред десет дена, а после десет дена на седницата ни кажува дека точите не се поминати на Влада. На чија итност упатува тој во овој Парламент. Ние сме должни да ги сослшуваме неговите идни политички планови во Парламентот како на тожки на дневен ред или сме должни по примени материјали да расправаме. Тој во јавноста нас ни кажува дека не работиме, ние сите молчиме, само г-динот од Пратеничката група реагираше, мислам дека беше Ванов, никој не реагира, а сега утврдуваме дека г-динот кој бара седница на Парламент, всушност, точките ги нема изготвено на Парламент. Меѓутоа во јавноста пушта реклами цело време за тоа дека Парламентот не работи. Вчера му даваме десет забелешки да каже за што се трошат парите од воениот данок што сака да ги собира, тие забелешки ги игнорира, а денеска држи лекции. Вчера пет пратенички групи од него бараа одговор каде ќе се трошат парите и зошто Владата нема програма за штедење прво за министрите и министерствата, па после и за народот и за овој парламент. На тоа г-динот министер се оглушува . Тој мисли дека пратениците ако постават прашање зошто купил џип од 300 иљади марки блиндиран за себе, а во исто време бара 70 милиони нов данок да се воведе во државава, тоа прашање треба да го игнорира кога ние одлучуваме. Меѓутоа, не мисли да го игнорира прашањето како пратеничката група на

СДСМ се однесува кон владините предлози. Пратеничката група на СДС ги разгледува согласно Уставот сите предлози од Паралментот врз основа на своето политичко уверување. Ако бил некој наш министер доведен во заблуда и тој ако изгласал погрешна одлука на Владата, тогаш тоа сеуште подлежи овде на контрола во врска со донесување на законот. Ако некој мисли да не дисциплинира на ваков начин, не само што згрешил, туку ќе го добие одговорот од наша страна многу пожестоко и да си немаме илузии од таа страна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, се разбира, односот владин претставник и воопшто и министер и било кој избран функционер од Собранието и Собранието е јасен, утврден со Деловникот, со Уставот и т.н. Секогаш имало искричења и сме настојувале да ги држиме во рамките на толеранцијата да се избегнат недоразбирањата. И, треба да продолжиме и таму . Не еднаш и на министрите им е кажано да внимаваат на формулациите на изразите и на однесувањето, тоа е сигурно потребно, а сега ние да се разбереме. Бидејки, по ова се договоривме , мислам по точката 10, сега да минеме на точката 14.

Г-дине Стојановски повелете.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, јас се пријавив пред дваесет минути, но Вие во својот жар тоа не го забележавте. Јас сум задоволен со заклучокот по претходната точка што ја донесовме за понатамошна расправа по Предлог на законот за перење пари и се откажувам од дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот Мерсел Еиљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Се откажувам од дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Јас се пријавив пред 18 минути и тоа што сакав да го кажам, го кажаа колегите Никола Поповски и Наќе Стојановски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И јас се јавив порано, меѓутоа, се откажувам со една напомена, ги молам колегите кога ќе се повикаат да се крши Деловник, затоа што се употребува збор од правници нека кажат директно која одредба од Деловникот се крши.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Деловнички прашањето го покрена г-динот Гештаковски, кажа која одредба и кажа дека не поставува деловничка забелешка да се изјаснува Собранието и со тоа заврши деловничката расправа.

За збор се јави г-динот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе,јас нема да се откажам од процедуралнат аинтервенција, оти гледам се случува овде намерно или не намерно од г-динот министер, а и од другата страна започнуваат да се заборавaат имињата на партнерите, на коалиционите партнери на помалите партии во Собранието, што мислам дека не е добро. Затоа, ќе интервенирам навистина мислам суштински. Го подржувам предлогот дека треба да се одложи овој закон во разгледувањето, меѓутоа, не можам да преминам преку едно објаснување кое е значајно за целата суштина на расправата од страна на министерот, а тоа е фесал аранжманот треба да се заклучи. Јас тоа така го разбрав. Единствено образложение кое ни го дава министерот , тоа е склучување на аранжманот.

Г-дине министре, нашата пратеничка група пред 6 месеци бараше да се донесат пакет на антикорупциски закони меѓу кои и Законот за перење на пари. И, Вие сега неколку дена пред склучување на аранжманите го ставате целиот Парламент во , така да речам, пред свршен чин за тоа дали треба да се гласа, дали треба итно да се стави едно вакво значајно прашање. Ако е Вашето образложение склучувањето само на аранжманите, а никаква друга суштина не сте разбрале од овој Закон , тогаш ние Ви објаснувавме пред 6 месеци што значат антикорупциските закони.Дали за овие 6 месеци требаше да се случат сите овие приватизации во македонското општество и сите овие афери, па да дојде еден ваков значаен, многу значаен закон и да се разговара за него и да се објаснува со одредбата само за него е значајно, бидејки треба аранжманот да се направи. Ние го баравме овој Закон многу, многу порано и не само што го баравме, туку и му го ветивме на народот на Макеоднија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде нема ништо деловничко. За тоа ќе зборувате кога ќе расправаме. Кога ќе дојде на ред законот, тогаш ќе расправаме за тоа.

Минувам ена точка 14.

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува редлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите.

Ве молам да гласаме? Благодарам.

Ќе го утврдам резултатот, ама ќе важи откако ќе утврдиме дали имаме пратеници во салата.

За , гласале 52 пратеници, 2 пратеници гласале возджано, 1 пратеникгласал против. Вкупно гласале 55 пратеници и Ве молам да утврдиме колку пратеници се во салата, за да знаеме дали важи гласањето.

Во салата има 55 пратеници и гласањето не важи. Молам, пратениците да влезат во салата, за да го пофториме гласањето , бидејќи ова гласање не важи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 63 пратеници гласале за, еден пратеник гласал воздржано двајца пратеници гласале против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 пратеници гласале за, никој не гласал против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Горанчо Трајков, поднесе амандмани на член 8 во новиот став 7, на членот 11, во новиот став 8 и за додавање нов член 12 , по членот 11, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Делче Ицков , поднесе амандман на членот 13 по кој Владата не се произнела.

(со седницата продолжива да претседава г-динот Звонко Мирчески, потпретседател на Собранието).

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитувани колеги пратеници и почитувани членови на Владата.

Јас денеска прв пат го заменувам претседателот на Собранието во водењето на оваа седница . Бидејќи доста е заплеткан дневниот ред и сите овие закони доаѓаат по итна постапка, а деловникот е таков каков што е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 63 пратеници гласале за, еден пратеник гласал воздржано двајца пратеници гласале против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 пратеници гласале за, никој не гласал против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Горанчо Трајков, поднесе амандмани на член 8 во новиот став 7, на членот 11, во новиот став 8 и за додавање нов член 12 , по членот 11, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Делче Ицков , поднесе амандман на членот 13 по кој Владата не се произнела.

(со седницата продолжива да претседава г-динот Звонко Мирчески, потпретседател на Собранието).

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитувани колеги пратеници и почитувани чспенови на Владата.

Јас денеска прв пат го заменувам претседателот на Собранието во водењето на оваа седница . Бидејќи доста е заплеткан дневниот ред и сите овие закони доаѓаат по итна постапка, а Деловникот е таков каков што е , јас се извинувам, до колку настанат одредени грешки од таа природа.

Според тоа, предлагам да продожиме со работа по точката што е на дневен ред.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОКО МИЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8, во новиот став 7 поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 11, во новиот став 8, поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот, за доаваше на нов член 12 , по членот 11 поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 13 , поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам пратеникот на Владата да се произенсе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 58 пратеници, за гласале 54 пратеника , тројца пратеници се воздржале и еден пратеник гласал против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број пратеници, за да видиме дали имаме кворум за работа.

Бидејќи во салата немаме доволен број пратеници, ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата .

Бидејќи го имаме потребниот број пратеници, ве молам да гласаме, и да го повториме гласањето.

Гласале вкупно 59 пратеника, за гласале 55, воздражани се троја пратеници, а против гласал еден пратеник.

Ги молам службите да го утврдат точниот број пратеници во салата, за да знаеме дали амандманот е прифатен или не?

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите .

Минуваме на точката 15,

Предлог за донесување на закон за Централен регистар со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон, ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за доенсување на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресто и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за Централен регистар.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеника, за гласале 61 пратеник, се воздржале тројца пратеници, против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за гласале 61 пратеник, се воздржале двајца пратеници, против нема.

Констатирам дека е усвоне Предлоготна оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Чедомир Кралевски, поднесе амандман на член 12 за менување на став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Делче Ицков поднесе амандман на член 16 став 3, за менување на членовите: 29, 30 и 31, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 12, за менуваше на став 2, поднесен од пратеникот Чедомир Кралевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 16, став 3, поднесен од пратеникот Делче Ицков.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот, за менување на член 29, поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произенсе.

**НИКОЛА ГУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 30, поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 31, поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произенсе,

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, за гласале 58 пратеници, се воздржале четворица,против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот Централен регистар.

Минуваме на точката 16,

Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за платниот промет, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за платен промет.

Ве молам да гласаме.

Пред да поминеме на гласањето, молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи имаме веќе потребен број пратеници, ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, од кои 61 пратеник гласал за, тројца се воздржале, а против нема.

Констатирма дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Констатирам дека немаме кворум за работа. Уште еднаш ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Почитувани колеги пратеници, бидејќи немаме работен амбиент односно немаме доволен број пратеници, јас предлагам сега да дадеме пауза од еден час.

(има реакција од пратениците во салата)

До колку сакате да работиме, тогаш предлагам координаторите на пратеничките групи да ги повикаат пратениците.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:** (Продолжение)

Почитувани колеги пратеници, денеска е и петок меѓудругото и имаме закони што треба да поминат, наводно Владата е заинтересирани да поминат. Не навлегувам во тоа кој е приоритетот, а кој не е. Сакам да се договориме дали имаме подготвеност да работиме по овие закони.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Јас би замолил, навистина, ако може пратениците да имаат трпение барем овие два закони, точките 16 и точката 17, бидејќи се многу итни, ќе ни создадат многу проблеми при спроведувањето на платниот промет и најискрено и најдлабоко ги замолувам пратениците барем да можат за овие закони да останат да се дискутираат и да ги прифатиме. Навистина се многу итни.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Навистина го разбирам инсистирањето на министерот, тоа си е негова работа, пратениците навистина ги замолувам.

Бидејќи можам да констатирам дека има кворум, ги молам пратениците да не ја напуштаат салата да ги поминеме и овие неколку точки.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, "за" гласале 64, "воздржани" 2 пратеника, "против" 1.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам лопштиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Ѓорѓи Котевски поднесе амандмани за додавање два нови члена, 1-а и 1-б и за додавање нов член 1-в по предлогот I, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман за додавање нов член 2-а по членот 2 по кој Владата не сепроизнела.

Пратеникот Делче Ицков поднесе амандман за додавање нов член 1-а по членот 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1, поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Отворам претрес по амандманто за додавање два нови члена 1-а и 1-б, по членот 1, поднесени од пратеникот Ѓорѓи Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупнот гласале 67 пратеници, сите гласале "за", нема влоздржани, нема никој против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за дополнување на законот за платниот промет.

Минуваме на точката 17 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за трансформација на Заводот за платен промет, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со предлогот на закон ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за трансформација на Заводот за платен промет. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои "за" гласале 66, "воздржани" 1 пратеника, "против" нема.

Констатирам дека зааклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупнот гласале 67 пратеници, "за" гласале 67, "воздржани" нема, "против" нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам лопштиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Пратеникот Михајло Георгиевски поднесе амандмани за додавање два нови членови, член 1 и член 1-а во насловот на предлогот на законот, на член 1 и за додавање нов член 1-в, по членот 1-б по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Делче Ицков поднесе амандман на член 1 во новиот член 17-а за додавање нов став 3 по ставот 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ѓорѓи Котевски поднесе амандман на член 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 17-а за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање два нви членови, член 1 и член 1-а, по насловот на предлогот на законот, поднесен од пратеникот Михајло Ѓоргиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратеникот Михајло Ѓорѓиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-в по членот 1-б, поднесен од пратениот Михајло Ѓрѓиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Може ли да добиеме образложение од Министерството за финансии, што е разликата во амандманот на господинот Михајло Ѓорѓиевски со кој се заменува членот 17-а целосно. Што е разликата од текстот што се менува.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Го молам министерот за финансии да му објасни на пратеникот Котевски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се работи за амандманот на Михајло Горгиевски, вториот амандман со кој се менува членот 17-а.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Измената е од технички карактер, поради редоследот, инаку нема суштински измени.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали сте задоволни од одговорот?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Нема никакви измени.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници. "За"гласале 64 пратеници. 1 пратеник е "воздржан". 1 пратеник е "против".

Констатирам дека Собранието го донесе законот за дополнување на Законот за трансформација на Заводот за платен промет.

Минуваме на точката 18 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за перосналниот данок на доход, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници. "За" гласале 62 пратеници. "воздржани" нема. 1 пратеник е "против". Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници. "За"гласале 64 пратеници. Нема "воздржани". Нема "против".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам лопштиот претрес.

Отворам претрес по предлогот на законот.

Пратеникот Гоце Трајановски поднесе амандмани за додавање нов член 1 пред членот 1 и на член 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Делче Ицков поднесе амандман на член 13, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1 пред членот 1, поднесен од пратеникот Гоце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Гоце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 13, поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници.

"За" гласале 64 пратеници. Нема "воздржани". 2 пратеника гласале "против".

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход.

Минуваме на точката 19 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Републиа Македонија, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници. "За" гласале 66 пратеници. Нема "воздржани". Нема "против".

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници. "За" гласале 62 пратеници. 1 пратеник е "воздржан". 1 пратеник е "против".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Делче Ицков поднесе амандман на член 13 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 13 поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ве молам, господине потпретседателе, господине министре, Со оглед дека немаше расправа за овој закон и во комисиите, каде што обично тие работи ги разгледуваме и се информираме, може ли да ни се каже со член 3 кој го утврдува правото ан исплата на плати на корисниците на Буџетот и другите фондови во Република Македонија дека е по исклучок правото да се утврди со последниот месец пред јули 2001 година, зголемено со 50% од расходот на трошоците на живот. Тоа право за буџетските корисници се лимитира со исплатената плата декември 2000, значи 5 мсесеци наназад, а плус тоа не се дозволува ова што е тековно зголемување за 50% од остварена стапка на пораст на трошоци на живот во претходниот месец. Со оглед дека почнавме да влегуваме во една зона на неизвеснот, со курсот на инфлацијата, како ова ќе се одрази на буџетските корисници и на јавната администрација што е некаде околу 90-100 илјади вработени во Република Македонија која сега, со овој закон, малку поинакви услови се утврдуваат од општо вработените.

Јас, таа информација ја барам затоа што немавме комисии за да можеме да го гледаме тоа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Го молам министерот за финансии да одговори на прашањето поставено од пратеникот .

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој предлог не отстапува од досегашната политика, но како контрола продолжува и цениме дека не предизвикува такви дејствија како што е наименувано.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Дали г-дине Поповски сте задоволен од одговорот?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Да.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, 64 пратеници гласаа за, воздр-жани двајца и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во РМ.

Минуваме на точката 20,

Предлог за донесуваше на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за доенсување након.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, 59 пратеници гласале за, воздржани двајца, еден против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, 60 пратеници гласале за, воздржан еден, против еден.

Констатирам дека е усвоен предлгот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Делче Ицков поднесе амандман на член 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по тек-стот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за гласале 61 пратеник, еден воздржан, еден против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи.

Минуваме на точка 21,

Предлог за донесување на закон за изменување на законот за издавање и пуштање во оптек на менични бланкети, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои слендиот заклучок .

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за издавање и пуштање во оптек на менични бланкети.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 62 пратеници гласале за, двајца се воздржани и против нема,

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, 60 пратеници гласале за, двајца гласале воздржано и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам предлогот по текстс и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Почитувани колеги констатирам дека немаме кворум.

Ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да пребројат дали во салата има доволен број на пратеници.

Почитувани колеги еден час пауза (негодување од страна на пратениците) .

Или викнете ги вашите колеги да влезат во салата и да продолжиме со работа, или еден час пауза. Нема смисла да седиме во салата кога немаме кворум.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам г-дине потпретседател, јас сум многу непријатно изненаден, затоа што се движиме на работ на кворум. Барем да бидеме искрени па да кажеме: нема да работиме . Овакво трокирање не е сосема умесно и убаво би било ако може координаторите да гарантираат некаква присутност тука. Незнам која е сврхата воопшто пратениците да се групрани.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Ви благодарам г-дине Бошков до колку завршивте тоа сепак е во доменот на пратеничките групи и тука јас како потпретседател немам влијание.

Г-динот Котевски побара збор.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Бидејќи г-динот Јордан Бошков ...

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

(Ве молам да го слушнеме колегата)

**ГОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Бидејќи г-динот Јордан Бошков повикува координаториуе да имаат целосна контрола на пратениците, јас ги повикувам уште еднаш координаторите на пратеничките групи да имаат контрола над пратениците и никој да не прави нови партии и да не бега во други партии и за едно место да се продава за потретседател на Собранието.

(Реакција во салата)

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ;**

Г-дине Котевски јас не би сакал сега меѓупартиските борби да се префрлат кога има овде од сферата на финансиите закони.

Ве молам за ред во салата.

Ве молам да г.о повториме гласањето.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, 61 гласале за, еден воздржан, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за издавање и пуштање во оптек на менични бланкети.

Минуваме на точката 22, Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за јавни набавки, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на за-конот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за јавни набавки.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, за гласале 66, против двајца, воздржани нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, за гласале 63, еден воздржан, еден против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по тек-стот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, за гласале 66, воздржан еден, воздржан нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за јавни набавки.

Минуваме на точката 23,

Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за емисија на административни и судски таксени марки, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот , со Предлогот на Законот ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот за донесузање на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок .

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за емисија на административни и судски таксени марки.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 6 9 пратеници, за гласале 62 , воздржани тројца, против четири.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 69 пратеници, за гласале 62, воздржани четири, против тројца.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас би имал само едно прашање до министерот во врска со текстот на Законот, бидејќи се предлага концентрација на издавањето, на емитирањето административни и судски таксени марки исклучиво во Министерството за финансии.

Дали ова е слично регулирано во другите држави во Европа и дали судската самостојност на овој начин не ја одложуваме уште некој период. Инаку, немам некои резерви кон Законот.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Има различни решенија, во многу држави има вакви решенија, така што сосема е прифатливо ова решение.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Дали г-динот Бошков е задоволен од одговорот?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Во многу држави и поинаку тоа се регулира. Јас знам дека овој пакет за мерки е од финансиска природа и нормално дека Министерството за финансии се обидува што повеќе да го заживее трезорскиот систем. Дел од тоа може би се однесува и на емитирањето судски таксени марки. Мојата двојба е дали е тоа примерено, дали независноста на судската власт на овој начин нема да биде поткопана. Но, доколку кај нас во Република Македонија воопшто не се пристапи сеуште кон осамостојување на судската власт, може би и овој предлог вака е вред.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Г-дине министре дали имате нешто да додадете.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Приходите од судските такси се приходи на буџетот, досега ова беше во надлежност на Заводот за платен промет. Тоа е Владина институција, така што во тој поглед ништо не се менува.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласашето).

Од вкупно присутни 66 пратеници, 59 гласале за, три воздржано и 4 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменуваше на Законот за емисија на административни и судски таксени марки.

Преминуваме на 24-та точка - Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по договорот за заем што ке се склучи помеѓу Заводот за платен промет и Експортфинанс за реализација на Проектот за имплементација на централен депозитар на хартии од вредност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г. Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседавач , јас интервенирам да се утврди кворумот во салата, мислам дека не е коректно без кворум евентуално да се работи.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам господине Стојановски.

Ги замолувам службите да проверат дали имаме кворум во салата.

(по пребројувањето од страна на службите).

Точно 61 пратеник е присутен во салата.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по договорот за заем што ќе се склучи помегу Заводот за платен промет и Експортфинанс за реализација на проектот за реализација на Централен депозитар на хартии од вредност.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Од вкупно присутни 65 пратеници, за гласале 57, воздржано тројца и против 5.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме. (По гласањето)

Од вкупно присутни 63 пратеници, за гласале 55, тројца се воздржани и против 5. .

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 1 и на член 2.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од вкупно присутни 61 пратеник, за гласале 52, воздржано 3, и против 6.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем што ќе се склучи помеѓу Заводот за платен промет и Експортфинанс за реализација на Проектот за имплементација на Централен депозитар на хартии од вредност.

Преминуваме на 25 точка - Предлог за донесување на закон за престанување на важењето на Законот за финансиското работење со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон е доставен.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за престанување на важење на 3 аконот за финансиското работење. Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од вкупно присутни 65 пратеници, за гласале 59, воздржано двајца и против 4.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од вкупно присутни 61 пратеници, за гласале 55, двајца се воздржани и против 4.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Горѓи Котевски поднесе амандман на член 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратени-кот Горги Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето)

Од вкупно присутни 68 пратеник, за гласале 64, воздржано 3, и против 1.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за престанување на важењето на Законот за финансиското работење.

Преминуваме на 26-тата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнуваше на Законот за вработувањето и осигуруваше во случај на невработеност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за доенсување на закон

за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурувањет во случај на невработеност.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од вкупно присутни 68 пратеници, за гласале 64, воздржано тројца и против 1.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме. (По гласањето)

Од вкупно присутни 62 пратеници, за гласале 60, 1 воздржан, против 1.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Делчо Ицков поднесе амандман за менување на член по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Делчо Ицков.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од вкупно присутни 6 9 пратеник, за гласале 66, воздржано 3, и против нема Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменуваше и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

Преминуваме на 27-та точка. - Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од вкупно присутни 68 пратеници, за гласале 65, воздржано тројца и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од вкупно присутни 68 пратеници, за гласале 66, двајца се воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Делче Ицков, поднесе амандман за менување на член 13 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 13 поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од вкупно присутни 66 пратеник, за гласале 65, воздржано 1 и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Преминуваме на 2 8-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување и

дополнување на Законот за здравствено осигурување со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законт ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од вкупно присутни 64 пратеници, за гласале 63, воздржани нема и против 1.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон. Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Почитувани пратеници Ве замолувам уште за малку тишина,бидејќи треба да гласаме, гледам дека не има доволно во салата, но сепак некој не гласал.

Ве замолувам да го повториме гласањето.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од вкупно присутни 66 пратеници, за гласале 61, воздржано двајца и против тројца.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Делчо Ицков поднесе амандман на член 5, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по Амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот по Предлогот на законот го ставам на гласање.

Од 65 пратеници, 61 гласале за, во здржани 2 и против 2.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување.

Збор бара министерот за финансии г. Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратгеници. Со усвојувањето на точка 18, Предлог за донесувасње на закон за изменување и дополнување на Законот за персонален данок на доход, се прифатија дејствија кои имаат рефлексија и би ве замолил точките од 36 до 39 да ги разгледаме и да се прифатат, бидејќи не ќе можат да се исплаќаат плати, бидејќи во тој закон укинавме нешто, а не воведуваме со другите. Затоа би ве молел ако може денес да ги прифатиме точките од 36 до 39.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Го слушнавте предлогот на министерот за финансии.

Предлагам, по предлогот на министерот за финансии да се изјасниме со гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 64 пратеници, 60 го поддржуваат предлогот на министерот, 2 се воздржани И 2 против.

Минуваме на 36-тата точка од дневниот ред - Предлог одлука за изменување на Одлуката за стапките, основицата И висината на придонесите за задолжително здравствено осигурување.

Предлогот на одлуката ви е доставен. Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Мислам дека оваа одлука И наредните одлуки би требало да се поддржат, бидејќи во основа не се зголемуваат стапките, настанува усогласување согласно Законот за персоналниот данок.

Би сакал да укажам на оваа одлука, бидејќИ имам еден амандман, да укажам во делот на претставникот на Владата, министерот за финансии, а се однесува до министерот за здравство, да го прифати амандманот што го имам поднесено.

За што се работи?

На една од претходните седници ние ја прекинавме расправата, а се расправаше Законот за здравствено осигурување, особено во поглед на усогласување на одредена одлука со одлуката на Уставниот суд. Во таа дискусија јас укажав на тоа дека во делот на Законот за здравствено осигурување има одредени недоречености и поднесов амандман. Тогаш инсистирав до претставникот на Владата, до Министерството за здравство, заменикот министер Неџипи, да ја погледаат одлуката за

стапките, основиците И висината на придонесот за задолжително здравствено осигурување во делот за осигурувањето на земјоделците. Тогаш укажав дека е направен или грешка или превид или во билансите на Владата нешто не е доречено, бидејќИ придонесот за здравствено осигурување на земјоделците се зголемуваше за 404%.

Сметам дека во овој период треба да останеме на оваа стапка од 9,2%, што дава одредени параметри на еднакво плаќање на земјоделците во однос на другите вработени бидејќи основицата за плаќање се зема од просечната плата во земјоделието, односно кога ќе продолжиме со расправа по Законот за здравствено осигурување тогаш ќе инсистирам основицата кај земјоделците треба да биде катастарскиот приход. Тогаш ќе барам и од Министерството за финансии, како едини услов, со оваа ставка да биде катастарскиот приход на земјоделците иако тој не е усогласен, голем дел на години наназад. Затоа укажувам.

Бидејќи беше направена грешка Владата ја утврди таа грешка, во делот на примена на овој закон да му дадеме ретроактивно дејство.

БидејќИ оваа одлука, по овие ставки, ќе се применува од 1 јуни, имам амандман, да се применува од 1 јануари, ретроактивно, согласно Уствот, бидејќи е поповолно за овие корисници. Билансите нема многу да се пореметат, во делот на оваа категорија, бидејќИ ќе вршиме одредено стимулирање, особено на делот на пензионери-земјоделци. Затоа би инсистрирал, врз основа на билансите да биде прифатен овој амандман И да се применува од 1 јануари оваа година, кога се применуваше и новата стапка, врз основа на билансите.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодарам г. Гештаковски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Пратеникот Гештаковски поднесе амандман на член 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Делчо Ицков поднесе амандман по член 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот И Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 68 пратеници, 63 гласаа за, воздржани 3 И против 2 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за стапките, основиците И висината на придонесите, за задолжително здравствено осигурување.

Минуваме на 37 точка од дневниот ред - Прелдог на одлука за стапката за придонес за вработување.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам оштиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предпогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклужувам претресот по текстот по Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од, вкупно 69 пратеници, за гласале 65, воздржан 1, против 3.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за стапката за придонесот за вработувањсе.

Минуваме на 38-та тожка од дневниот ред - Предлог на одлука за стапката на придонесот од плати за пензиското И инвалидското осигурување од 1 јули 2001 година.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој).

БидејќИ никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Пратеникот Делчо Ицков поднесе амандман на член 5 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Передлогот на одлуката го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Од 66 пратеници, 65 гласале за, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за стапката на придонесот од плати, за пензиско И инвалидско осигурување, од 1 јули 2001 година.

Минуваме на 39-тата точка од дневниот ред - Предлог на одлука за стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување, за стажот на осигурување, што се смета за зголемено траење, од 1 јули 2001 година.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по такстот на Предлогот на одлуката.

Пратеникот Ѓорѓи Котевски поднесе амандман на член 5 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот н ачлен 5, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ**:

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 67 пратеници, 65 гласале за, 2 воздржани, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за стапката на придонесот на пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување, што се смета со зголемено траење од 1 јули 2001 година.

Почитувани колеги пратеници.

Во дневниот ред кој ни беше за денес, има предлог од Владата да се разгледа Законот за градежно земјиште.

Овде е присутен претставник на Владата па би ве замолил да го искористиме присуството на министерот и да го разгледаме и овој закон.

Бидејќи станува збор за пообемен материјал кој треба да го разработиме, јас денес на министерот за транспорт и врски, г. Балковски би му дал збор, да ја отвориме оваа точка, со тоа што тој ќе се обрати во Парламентот и после тоа да ја прекинеме седницата и од понеделник натаму да закажеме седница и да го донесеме овој закон.

Минуваме на точка 29 од дневниот ред - Предлог на закон од градежно земјиште.

Има збор министерот за транспорт и врски, г. Љупчо Балковски.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Дозволете ми најпрвин да ве поздравам и да го образложам Законот за градежно земјиште,на почетокот сакам да ја нагласам огромната важност на овој закон, бидејќИ со донесување на овој закон градежното земјиште по прв пат ќе биде ставено во промет, што значи ќе може да се купува и продава.

Постојниот закон за градежно земјиште во Републиката, се уште не беше усогласен со Уставот од 1991 година. Впрочем постојниот закон е заснован на концептот на општествената сопственост на градежното земјиште, на кое може да постои само право на користење на физички лица, а со некои општествени правни лица и правото на управување. Затоа на почетокот ќе ви ги кажам следните значајни решенија кои ги содржи Предлогот на законот за градежното земјиште.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Републиката И ужива посебна заштита, а неговото уредување е дејност од јавен интерес. Оваа основа одредба претставува основа за утврдување на сопственоста и другите права на градежното земјиште.

Со член 3 се утврдува дека градежното земјиште е определено со урбанистичките планови и актите што нив ги заменуваат, за чие донесување, нормативата е Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Со Предлогот на законот се утврдува правото на сопственост на градежното земјиште, што произлегува од член 30 од Уставот. Тоа може да биде во сопственост на Републиката и на домашни физички и правни лица.

Исто така, се предлага сопственоста на градежното земјиште да ја опфаќа неговата површина на и се она што е со неа трајно поврзано, а се наоѓа над неа или под неа.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ**: (продолжение)

Според тоа, сопственоста не се протега и на длабината на градежното земјиште, која треба да се смета дека е "сопственот" на државата. Во таа смисла, сопственоста на градежното земјиште не ги опфаќа природните богатства под неговата површина, ниту најденото богатство, за кое, согласно другите законски прописи, е сопственост на државата.

Прометот со градежното земјиште е слободен. Ова решение е едно од најзначајните што ги предлага законот.

За разлика од постојната регулатива со која не е можно да се продава и купува градежно земјиште, со Предлогот на законот се предлага земјиштето да може да биде во промет, без разлика дали е изградено или е неизградено.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Се извинувам господине министре, почитувани колеги пратеници јас ве замолувам да имате уште малку трпение сега кога дошол министерот да ни го презентира законот, Ве замолувам за уште малку трпение да го слушнеме законот, а потоа ќе ја прекинеме седницата. Ве замолувам за работна атмосфера.

**ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:**

Ви благодарам потпретседателе.

Градежното земјиште во општа употреба е во сопственост на Република Македонија која го користат сите физички и правни лица,а режимот на користењето на градежното земјиште во општа употреба се определува со закон.

Со градежното земјиште во општа употреба управува Владата на Република Македонија, која управувањето може да го пренесе врз други органи.

На Предлог на законот во втората Глава II се определени правата на градежното земјиште, покрај другите права определени со Законот за сопственоста и другите стварни права. Тоа се: правото на концесија, правото на долготраен закуп и правото на хипотека.

Градежното земјиште во сопствдност на Републиката, Владата на Република Македонија може да го даде под концесија на домашно и странско правно лице за изградба на објекти кои служат за вршење на дејности од јавен интерес утврден со закон.

Посебно значајно е правото на долготраен закуп. Со него треба да се обезбеди градежна активност согласн оурбанистичките планови, кога сопственикот нема средства, кога не сака сопственички однос врз земјиштето или кога таков не може да се обезбеди. Правото е врзано за волјата на сопственикот на градежното земјиште. Тоа не може да се наложи со закон.

Називот - долготраен закуп асоција и е сличен на англискиот посед. Во однос на градежното земјиште на кое е засновано правото на долготраен закуп претставува стварно-правно оптоварување какво оптоварување е и стварната службеност. Сопственик на изградениот објект е носителот на правото на долготраен зкауп, а не сопственикот на градежното земјиште оптоварено со тоа право. Преку правото на долготраен закуп ќе се овозможи интензивирање н ареализацијата на урбанистичките планови. Во тоа ова право и е многу блиско на концесијата, но разликата помеѓу нив постои во доменот на простирање: право на долготраен закуп може да се конституира и на земјиштето во сопственост на физички и на правни лица, а концесијата само на земјиштето во сопственост на Републиката.

Во третиот дел од Законот е правно регулирано уредувањето на градежното земјиште. Ќе ги разгледате членовите од 42 до 47 ги регулираат прашањата што се подразбира под уредување на градежно земјиште, кој го уредува земјиштето и дека уредувањето се врши врз основа на програма, како и надоместок за уредување.

Уредувањето на градежното земјиште се врши врз основа на програма. По исклучок може да го врши и инвеститорот на свој трошок. Програмата ја донесуваат советите на општините и Советот на Град Скопје. Републиката уредува градежно земјиште само кога се јавува како инвеститор и тоа за објекти надвор урбаниот зафат на населеното место.

Одредбите од Глава IV - Трансформација на правата на градежното земјиште се од преоден и времен карактер. Со нив се врши сопственичка трансформација на правото на сопственост на Републиката врз градежното земјиште. Конкретно се предвидуваат следните решенија:

- се врши трансформација на правото на користење во право на долготраен закуп на единиците на локалната самоуправа и тоа во поглед на земјиштето под објектите и што им служи на тие објекти, а кои објекти овие единици ги добиле врз основа на делбените биланси.

- се врши трансформација на правото на користење на градежно земјиште, правото на сопственост кое било одземено во корист на државата со присилни прописи за национализација на градежното земјиште од 1958 година, така што трансформираното право на сопственост во право на користење сега, со овој закон, се трансформира во обратна насока, од право на користење во право на сопственост без надоместок.

Исто така се врши трансформација на правото на користење на корисниците на

градежното земјиште во сопственост на државата по основ на станбен и други објекти, со или без дефинирано дворно место, кои платиле надоместок за градежното земјиште. На овие лица правото на користење се трансформира во право на сопственост, без повторно плаќање на надоместок за градежното земјиште, ако поднесат валидни докази дека надоместокот го платиле порано. Ако пак вакви објекти се стекнати без да бил платен надоместок за градежното земјиште, правото на користење се трансформира во право на сопственост ако биде платен надоместокот, а спротивно право ќе се трансформира во право на долготраен закуп.

Исто така на корисниците на градежно земјиште доделено за изградба на објект, кој бил изграден, трансформацијата на правото на користење ќе се изврши во право на сопственост, така што, наместо плаќање, ним во сопственост ќе им се додели како надомест градежно земјиште во сопственост на државата на нивната парцела со решение на надлежниот орган за денационализација, согласно прописите за денационализација.

Ова решение е вградено согласно концептот прифатен во Законот за денационализација поранешните сопственици да се надоместуваат со реален имот на државата, а не со обврзници и се очекува дека при спроведувањето на денационализацијата во голема мера ќе се изврши надомест на поранешните сопственици на овој начин.

Последното предвидено решение е странските лица кои право на користење на земјиштето стекнале по пат на јавно наддавање или со непосредна спогодба, стекнуваат само право на долготраен закуп, а не и право на сопственост, бидејќи во Законот за сопственост и другите стварни права не е предвидена можност странците во Република Македонија да можат да стекнуваат право на сопственост. Со оглед на начинот на плаќање на стекнувањето, наддавање, непосредна спогодба, овој пат правото на долготраен закуп е без посебно плаќање на цената на користење.

Според Предлогот, правен инструмент за трансформација на правото на користење во право на сопственост односно во право на долготраен закуп на градежно земјиште е договорот.

Исто така, заслужува внимание преодното решение од Законот со кое, многу значајно во овој закон и многу значајно за Министерството за транспорт и врски е законот со кој се легализираат склучените договори за оттуѓување на градежното земјиште, додека тоа било општествена сопственост, односно во сопственост на државата.

Станува збор за "диви правни дела", како и дивите градби. овие договори се легализираат со Предлогот на законот, со што во голема мера ќе се регулираат односите во областа на земјишната политика.

Со овие измени, на крај сакам да потенцирам дека Македонија навистина ќе се приближи кон европското законодавство, а со тоа ќе завладеат и пазарни законитости во областа на земјишната политика.

Затоа навистина очекувам од вас да го поддржите новиот Предлог на овој закон за градежно земјиште.

Ви благодарам на вниманието.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Ви благодарам господине министре.

Почитувани колеги пратеници,

Предлагам денеска да прекинеме со работа и да продолжиме наредната недела, за што вие дополнително ќе бидете известени. Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 15,15 часот).